## РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
УПП Број: / Numer: 03-10
05.06.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**До:** [redacted]

**Предмет: Одговор на Претставка**


**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**


Почитувана,

Ви благодариме за Вашата Претставка во врска со содржината и темите на дебатните емисии на ТВ Канал 5.

Агенцијата направи увид во посочената емисија „На кавга со Иван“ од 27 април 2026 година, која е оригинално произведена како поткаст кој се емитувал во живо на Јутјуб каналот „Канал 5 WEB“ од 21 часот и 30 минути, од која се направени и кратки, титлувани извадоци за Инстаграм, а одложено емисијата е емитувана на програмата на Телевизија Канал 5 од 23 часот на 27 април. Гостин во емисијата беше [redacted] адвокат и активист.

Иако емисијата наликуваше на слободен разговор на многу различни теми, сепак можеме да издвоиме неколку тематски целини:

- **Настаните од 27 април 2017**: водителот се осврна на настанот за упадот во Собранието, кој се совпаѓа со датумот на реализацијата на поткастот, во контекст на тоа дали имаме извлечено поука од тој настан. Гостинот сметаше дека квалификацијата класичен тероризам за овој настан е пресилна и дека станува збор за политички мотивирани постапки;
- **Правосудниот систем**: гостинот зборуваше за својата адвокатска пракса и за предизвиците во кривичните предмети, исто така и за актуелните протести во врска со користењето на албанскиот јазик за полагање правосуден испит;
- **Етничките прашања**: за односите меѓу Македонците и Албанците, за лојалноста кон државата, за симболите и за тоа како политичарите ја користат етничката припадност за политички цели, но и за целокупниот државен однос на околните соседни држави; и за
- **Политичката култура**: за тоа дека политичарите користат национализам за да добијат поддршка.

Иако некои од темите и прашањата може да се сметаат за провокативни, непријатни и контроверзни, и водителот, и гостинот, кој беше конфронтиран со директни прашања и споредби, разговараа со аргументи, но и со критички ставови кон политичката практика и етничкиот наратив. Може да се заклучи дека целта на емисијата беше да се демаскираат наративите кои етничките прашања и политичките конфликти ги користат за манипулација со јавноста.

Емисијата обработи теми од јавен интерес, а начинот на нивната обработка може да се смета за усогласен со начелата за вршење на дејноста, како и со принципите за

толеранција и недискриминација. Медиумите имаат право да третираат чувствителни теми, без оглед дали тие се непријатни и контроверзни. Покрај користењето провокативни колоквијални квалификации и изрази („сељачки начин“, „примитивни“), односно остар и провокативен јазик, во самата емисија беше потенцирано дека тие не може да се толкуваат како напад на некоја етничка заедница, туку се однесуваат на манипулативните политички практики.

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗААВМУ), медиумите се самостојни и независни во уредувачката политика и самостојно одлучуваат за темите што ги обработуваат и за содржините што ги емитуваат, односно Агенцијата нема надлежности во овој контекст.

Во поглед на приложениот линк до коментар на Фејсбук страницата на ТВ Канал 5, Ве известуваме дека медиумите треба да ги применуваат професионалните стандарди за вршење на дејноста и во содржините/коментарите што ги објавуваат на своите профили/канали на социјалните мрежи и на своите веб страници, како и да ги модерираат коментарите од своите корисници.

Вашата Претставка (во анонимизирана форма), заедно со дописот од АВМУ и известувањето до Канал 5 ќе бидат објавени на веб страницата на Агенцијата: https://avmu.mk/pretstavka-reakcija/.

Доколку сметате дека се нарушени новинарските стандарди и етичките принципи во содржините на Канал 5, можете да се обратите до саморегулаторното тело Совет за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), бидејќи овие аспекти се предмет на саморегулација, а Комисијата за жалби на СЕММ го следи почитувањето на Кодексот на новинарите. Претставка до нив можете да поднесете на следниот линк: https://complaints.semm.mk/podnesi-zalba/.

Срдечен поздрав,

Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ